МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД – Скопје

# ПОНУДА

# ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА МИНИМАЛЕН ПАКЕТ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

**СОДРЖИНА:**

1. ВОВЕД ..... 3
2. ПРЕДМЕТ НА ПОНУДАТА 3
3. УСЛУГИ КОИ СЕ ВО СОСТАВ НА МИНИМАЛНИОТ ПАКЕТ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ ..... 4
4. ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДИГИТАЛНИТЕ ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ ..... 4
5. ЦЕНИ НА УСЛУГИТЕ КОИ СЕ ВО СОСТАВ НА МИНИМАЛНИОТ ПАКЕТ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ ..... 5
6. УСЛОВИ И РОКОВИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИЗНАЈМЕНА ЛИНИЈА ОД МИНИМАЛНИОТ ПАКЕТ ..... 7
7. ВРЕМЕТРАЕЊЕ, РАСКИНУВАЊЕ И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ..... 8
8. ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ..... 9
9. РОК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ ..... 9
10. ВРЕМЕ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРЕЧКИ ..... 9
11. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ..... 9
12. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ ..... 10
13. ВИША СИЛА ..... 10
ПРИЛОГ 1: РЕЧНИК НА КРАТЕНКИ ..... 11
ПРИЛОГ 2: РОКОВИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИ ВИДОВИ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ ..... 12
ПРИЛОГ 3: БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИЗНАЈМЕНА ЛИНИЈА ВО СОСТАВОТ НА МИНИМАЛНИОТ ПАКЕТ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ ..... 13
ПРИЛОГ 4: ДОГОВОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИЗНАЈМЕНА ЛИНИЈА ОД МИНИМАЛНИОТ ПАКЕТ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ ..... 16

## 1. ВОВЕД

Врз основа на член 10 од Правилникот за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии донесен од Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на ден 01.09.2008 и објавен во Службен весник на РМ бр.112/2008, Македонски Телеком АД – Скопје, како оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на мало - број 7, односно пазарот за изнајмени линии, подготви Понуда за обезбедување на минималниот пакет на изнајмени линии.

При обезбедувањето на минималниот пакет на изнајмени линии, Македонски Телеком АД – Скопје ги применува принципите на недискриминација, транспарентност и контрола на цени.

## 2. ПРЕДМЕТ НА ПОНУДАТА

Предмет на понудата е минималниот пакет на изнајмени линии со усогласени карактеристики и придружни стандарди дефиниран во Одлуката на Европската Комисија 2003/548/ЕК од 24 јули 2003 објавена во OJ.L.186/43.

Описот на техничките карактеристики на минималниот пакет на изнајмени линии е во согласност со Одлуката на Европската комисија од 7 Јануари 1998 за измена на Анекс II на Директивата 92/44/EEC.

## 3. УСЛУГИ КОИ СЕ ВО СОСТАВ НА МИНИМАЛНИОТ ПАКЕТ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

Согласно Правилникот за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии, Македонски Телеком АД – Скопје ја дефинира својата понуда на минимален пакет изнајмени линии до крајните корисници во Република Македонија.

Понудата за минимален пакет  на изнајмени линии е дадена во Табела 1:

Табела 1

| | Тип на изнајмена линија |
|---|---|
| | Аналогна изнајмена линија, Говорен опсег, нормален квалитет |
| | Аналогна изнајмена линија, Говорен опсег, посебен квалитет |
| | Дигитална изнајмена линија 64 Kbit/s |
| | Дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s, неструктурирана |
| | Дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s, структурирана |

## 4. ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДИГИТАЛНИТЕ ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

### 4.1 Аналогна изнајмена линија, говорен опсег со нормален квалитет

Аналогната изнајмена линија (ALL) со нормален квалитет претставува електронско комуникациско средство обезбедено во јавната електронска комуникациска мрежа што овозможува пренос на сигнали со дефинирани преносни карактеристики помеѓу две мрежни завршни точки (NTP) и не вклучува никакви комутирачки функции кои може да бидат контролирани од страна на корисникот.
Аналогната изнајмена линија со нормален квалитет обезбедува поврзување на две физички оддалечени локации на кои корисникот има инсталирано своја опрема и овозможува пренос на говорни сигнали во опсег од 300 до 3400 Hz помеѓу истите.
Аналогната изнајмена линија, говорен опсег со нормален квалитет е првенствено наменета за пренос на говорни телефонски сигнали, но истата може да се користи и за други типови на сообраќај, како пренос на факс преку директна линија, поврзување на оддалечени локали на PBX централи, пренос на податоци во говорен опсег и сл.
Заради слабеењето на сигналот со зголемувањето на растојанието помеѓу корисничките локации кои се поврзуваат, дел од меѓумесните и задолжително сите меѓународни изнајмени линии се реализираат преку мултиплексни системи за пренос, кои го компензираат слабеењето на линијата. За компензирање на слабеењето кај локалните изнајмени линии и кај меѓумесните изнајмени линии со поголемо растојание, на страната на корисникот се инсталираат модеми кои ги обезбедува давателот на услугата.
Во зависност од корисничката опрема која што треба да се поврзе, аналогната изнајмена линија се реализира преку една или две бакарни парици (двожична, односно четворожична аналогна изнајмена линија).

### 4.2 Дигитална изнајмена линија

#### 4.2.1. Дигитална изнајмена линија, 64 Kbit/s

Дигитална изнајмена линија, 64 Kbit/s обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два терминални уреди DTE со користење на DCE уреди поставени на страна на корисникот. Терминален урен DTE е комуникациски уред кој корисникот го поврзува на DCE опремата обезбедена од Македонски Телеком АД – Скопје (најчесто DTE уредот е рутер, PC опремен со соодветен адаптер, или специјална дигитална терминална опрема). DCE уредот е xDSL модем кој го обезбедува Македонски Телеком АД – Скопје и кој преку една или две бакарни парици се поврзува со CO опремата на давателот на услугата, а преку DCE интерфејс се поврзува со дигиталниот терминален уред на корисникот (DTE).

| | **Спецификација на DCE интерфејс:** |
|---|---|
| | X.21 Електричен интерфејс со 15 – пински конектор<br>V.36, V37 (V.35 стар) - Електричен интерфејс со  – пински конектор |
| | **Технологија:** |
| | xDSL – симетричен пренос преку 1 парица |
| | **Тип на линиско кодирање:** |
| | 2B1Q |
| | **Напојување:** |
| | 220  V AC |

### 4.2.2 Дигитална изнајмена линија, 2 Mbit/s, неструктурирана (Е1 неструктурирана)

Дигитална изнајмена линија, 2 Mbit/s, неструктурирана (Е1 неструктурирана) обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два комуникациски уреди со користење на NTU уреди поставени на страна на корисникот со брзина од 2 Mbit/s. NTU го обезбедува Македонски Телеком АД – Скопје и тој не ја препознава внатрешната структура на корисничкиот сообраќај. Корисничкиот сообраќај се третира како 1x2Mbit/s дигитален проток-еден канал. Корисничките уреди се најчесто рутери со Е1 интерфејс. Типична примена: за дигитален пренос на податоци меѓу две точки.

| | |
|---|---|
| | **Спецификација на NTU E1 интерфејс:** |
| | G.703, 120-омски, електричен интерфејс, балансиран 15 – пински конектор D-тип или RJ-45 конектор |
| | **Тип на врамување:** |
| | Нема врамување (Unframed) |
| | **Тип на линиско кодирање:** |
| | HDB3 |
| | **Напојување:** |
| | 220 V AC |

### 4.2.3 Дигитална изнајмена линија, 2 Mbit/s, структурирана (Е1 структурирана)

Дигитална изнајмена линија, 2 Mbit/s, структурирана (Е1 структурирана) обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два комуникациски уреди со користење на NTU уреди поставени на страна на корисникот со брзина од 2 Mbit/s. Корисничките уреди преку структуриран Е1 интерфејс се поврзуваат на NTU што го обезбедува Македонски Телеком АД – Скопје и тој ја распознава внатрешната структура на корисничкиот сообраќај. Корисничкиот сообраќај мора да е во облик на 32 канали по 64 Kbit/s од кои два се резервирани за сигнализација и контрола. Корисничкиот сообраќај мора да е структуриран по G.704 стандардот. Корисничките уреди се најчесто рутери, PABX, или PDH мултиплексери. Типична примена: пренос на говорни канали, пренос на N x 64Kbit/s, или комбиниран пренос на говор и податоци преку различни 64Kbit/s канали во рамките на Е1 структурата помеѓу две точки.

| | |
|---|---|
| | **Спецификација на NTU E1 интерфејс:** |
| | G.703, 120-омски, електричен интерфејс, балансиран 15 – пински конектор D-тип или RJ-45 конектор |
| | **Тип на врамување:** |
| | G.704 |
| | **Контрола на грешка** |
| | G.706 CRC-4 |
| | **Тип на линиско кодирање:** |
| | HDB3 |
| | **Напојување:** |
| | 220 V AC |

Македонски Телеком АД изнајмува линии од минималниот пакет во рамките на своите расположливи капацитети.

## 5. ЦЕНИ НА УСЛУГИТЕ КОИ СЕ ВО СОСТАВ НА МИНИМАЛНИОТ ПАКЕТ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

Цената на услугите во состав на минималниот пакет на изнајмени линии се состои од:

- Еднократен надомест за почетно приклучување на изнајмената линија
- Месечен надомест за изнајмената линија

Цените на услугите се формираат врз основа на типот на изнајмената линија, времетраење на закупот, локациите на крајните точки на изнајмената линија.

- Тип на ааналогна изнајмена линија
  - Говорен опсег, нормален квалитет
  - Говорен опсег, посебен квалитет
- Тип на дигитална изнајмена линија
  - Дигитална изнајмена линија 64 Kbit/s
  - Дигитална изнајмена линија 2 Mbit/s, неструктурирана

  - Дигитална изнајмена линија 2 Mbit/s, структурирана

- Времетраење на Договорот – користење на услугата
  - Неопределено време
  - Определено време

- Локација на крајните точки на изнајмената линија
  - Месна мрежа
  - Меѓумесна мрежа

**5.1 Цени за аналогни изнајмени линии:**

**Аналогна изнајмена линија, говорен опсег со нормален квалитет**

| Надомест | Цена |
|---|---|
| Еднократен надомест за растојанија до 250м од местото на дистрибуција | 5.030, 00 ден |
| Еднократен надомест за растојанија над 250м од местото на дистрибуција | 5.030,00 ден+ стварни трошоци за делот над 250 м |
| | |
| Месечна претплата за двожична NF изнајмена линија (по започнат километар) | 400,00 ден. + 250ден./км |
| Месечна претплата за четворожична NF изнајмена линија (по започнат километар) | 400,00 ден. + 500ден./км |
| Месечна претплата во меѓумесна мрежа | 16.800,00 ден. |

Должината на водот е реалната должина на каблите низ кои истиот се простира со заокружување на првиот започнат километар.

Цените се оформени за договор на неопределено време.

**5.2 Цени за дигитални изнајмени линии:**

**Дигитална изнајмена линија 64 Kbit/s за договор со траење на една година:**

| Надомест | Цена |
|---|---|
| Еднократен надомест во месна мрежа | 22.985,00 ден. |
| Месечна претплата во месна мрежа | 8.554,00 ден. |
| | |
| Еднократен надомест во меѓумесна мрежа | 22.985,00 ден. |
| Месечна претплата во меѓумесна мрежа | 8.554,00 ден + 139,00 ден/км |

**Дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s, неструктурирана за договор со траење на една година:**

| Тарифа | Цена |
|---|---|
| Еднократен надомест во месна мрежа | 155.400,00 ден. |
| Месечна претплата во месна мрежа | 62.160,00 ден. |
| | |
| Еднократен надомест во меѓумесна мрежа | 155.400,00 ден. |
| Месечна претплата во меѓумесна мрежа | 62.160,00 ден. + 1.400,00 ден/км |

**Дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s, структурирана за договор со траење на една година:**

| Тарифа | Цена |
|---|---|
| Еднократен надомест во месна мрежа | 155.400,00 ден. |
| Месечна претплата во месна мрежа | 62.160,00 ден. |
| | |

| | |
|---|---|
| Еднократен надомест во меѓумесна мрежа | 155.400,00 ден. |
| Месечна претплата во меѓумесна мрежа | 62.160,00 ден. + 1.400,00 ден/км |

### 5.3 Надоместоци за преселување на корисничките локации

Во случај на преместување на некоја од пристапните точки на друга позиција на постоечките локации или на локации различни од постоечките локации на корисникот ќе му се наплати еднократен надомест за преселување:

| Тарифа | Цена |
|---|---|
| Еднократен надомест за преселување по пристапна точка | 10.000,00 ден. |

Утврдување на цени за поединечен случај ќе се применува доколку трошокот за преселување на услугата го надмине еднократниот надомест за преселување.

### 5.4 Попусти

За договор склучен за период различен од една година важат следниве попусти:

| Траење на договор | Попуст на приклучна такса | Попуст на месечна претплата |
|---|---|---|
| За договор на неодредено време | - | +30% |
| За договор над 1 година | - | - |
| За договор над 2 години | - | -5% |
| За договор над 3 години | 100% | -10% |

## 6. УСЛОВИ И РОКОВИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИЗНАЈМЕНА ЛИНИЈА ОД МИНИМАЛНИОТ ПАКЕТ

Корисникот може да поднесе Барање за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии на следните места:

- Писмено на следнава адреса Македонски Телеком АД, Орце Николов бб, 1000 Скопје
- По факс (02/3286287), Деловниот центар за клучни корисници или 02/3110120 Деловниот центар за резидентни, SOHO/SME корисници
- Преку електронска пошта (e-mail) до соодветниот продажен менаџер
- Директно (на рака) во Деловниот центар за клучни корисници (Орце Николов бб, 1000 Скопје)
- Нова Дирекција, втори кат, кај соодветниот продажен менаџер или во Деловниот центар за резидентни, SOHO/SME корисници (Орце Николов бб, 1000 Скопје Стара Дирекција, четврти кат), кај соодветниот продажен менаџер.

Пристигнатото барање задолжително се заверува во Централна архива на Македонски Телеком АД во текот на истиот ден кога пристигнало. Датумот на заверка во Централна архива е датум на поднесување на барањето.

Барањето треба да биде пополнета форма на начин како што е приложено во Прилог 3 од оваа понуда.

Корисникот треба да ги приложи следните документи со Барањето за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии кое се поднесува до Македонски Телеком АД:

- Барање за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии
- Фотокопија од Решение за упис во Централен Регистар, не постаро од 6 месеци
- Фотокопија од потписен картон за жиро сметка

По приемот на Барањето за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии поднесено од корисникот, Македонски Телеком АД ќе го разгледа истото.

Барањето за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии ќе се смета за комплетно доколку:

- Се доставени валидни примероци од претходно наведените документи
- Барањето за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии содржи валидни податоци за адресите на инсталација на услугата.

Во случај на поднесено некомплетно Барање за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии, Македонски Телеком АД – писмено ќе го извести Корисникот заради дополнување на барањето, во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на некомплетното барање.

Во случај на поднесено комплетно Барање за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии ќе ги преземе следниве активности:

- Ќе го провери кредибилитетот на корисникот (дали корисникот е должник на Македонски Телеком АД или не) и доколку е должник по приемот на архивираното барање од корисникот ќе испрати писмено известување до него да ги подмири долговите кон Македонски Телеком АД.
- Доколку корисникот ги задоволува критериумите за проверка на кредибилитет врз основа на архивираното барање ќе испрати барање за испитување на техничка можноста за реализација на услугата во период не подолг од еден работен ден од денот кога е направена проверката на кредибилитетот на корисникот.
- Ќе изврши проверка на техничката можност за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии во рок пократок од 10 (десет) дена од приемот на барањето за испитување на техничка можност
- Ќе го извести корисникот за можноста за склучување на договор по основ на Барањето за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии од денот на прием на барањето во Централна архива на Македонски Телеком АД доколку е позитивен одговорот на барањето за испитување на техничка можност.
- Ќе го извести корисникот дека не постои можност за склучување на договор по основ на Барањето за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии во рок од 10 (десет) дена од денот на прием на комплетното барање во Централна архива на Македонски Телеком АД, доколку е негативен одговорот на барањето за испитување на техничка можност.

Македонски Телеком АД има обврска, во писменото известување испратено до корисникот во случај на негативен одговор на барањето за испитување на техничка можност да го извести корисникот дека во 90% од ваквите случаи ќе се обиде да создаде услови за реализација на услугата во рок од 6 месеци од денот на поднесување на барањето и за тоа ќе го информира корисникот.

Во тек од еден работен ден по добивање на позитивен одговор на барањето за испитување на техничка можност се подготвува Договорот за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии кој се доставува кај Корисникот на потпис следниот работен ден. Договорот за користење на дигитална изнајмена линија од минималниот пакет на изнајмени линии треба да се склучи во рок од 15 дена од добивањето на комплетното барање, доколку нема технички проблеми на страна на Корисникот .

Работниот налог за инсталација се издава по потпишувањето на договорот од страна на Корисникот, најдоцна еден работен ден по доставувањето на потпишаниот договор од страна на корисникот. Договорот се потпишува од страна на овластеното лице на Македонски Телеком. Наплатата на услугата започнува по примопредавањето на дигиталната изнајмената линија на Корисникот.

Корисникот се обврзува дека изнајмената линија ќе ја користи само за свои потреби и дека нема иститата да му ја отстапи на трети лица.

## 7. ВРЕМЕТРАЕЊЕ, РАСКИНУВАЊЕ И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Договорот за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии се склучува на една година.

За договорите склучени на неопределено време цената е повисока за 30% согласно ценовникот.

Договорите склучени на период подолг од 1 година се со цена со попуст согласно ценовникот.

Доколку Корисникот предвремено го раскине договорот или прилогот или доколку договорот или прилогот биде раскинат по вина на корисникот пред истекот на периодот за кој е склучен, корисникот се обврзува да ја плати разликата помеѓу редовната цена на приклучната такса со ДДВ и повластената цена на приклучната такса со ДДВ како и да ја плати разликата помеѓу редовната цена на месечната претплата со ДДВ и повластената цена на месечната претплата со ДДВ за цело време на користење на услугата, сето тоа зголемена за висината на законската затезна камата.

Доколку ниту една од двете договорни страни, во рок не пократок од 15 дена пред истекот на перидот на важноста на прилогот, не достави писмено известување до другата договорна страна дека го раскинува прилогот, се смета дека користење на услугата се овозможува на дополнителен

временски период од една година, по цена и услови кои што важат во моментот на неговото продолжување.

## 8. ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

Македонски Телеком АД обезбедува:

- Модеми кои се во сопственост на МКТ;
- Преносна мрежна инфраструктура.

За користење на услугата корисникот треба да поседува соодветна пристапна опрема чии што приклучен терминал соодветствува на приклучниот терминал на модемската опрема обезбедена од МКТ.

Корисникот е должен да ги обезбеди во целост експлоатационите услови за користење на корисничката опремата која ја инсталира МКТ, како што се:

- Максимален дозволен опсег на варирање на мрежниот напон од 187 V до 242 V;
- Приклучок на заземјување со отпорност помала од 0,5Ω.
- Приклучок на напојување со напони: фаза-нула = 220 V, фаза-заземјување = 220 V, нула – заземјување = 0 V
- Работна температура (+5 - +45C˚) и релативна влажност (5 – 85%);

Корисникот е должен совесно и со внимание на добар домаќин да ја чува опремата и истата треба да биде сместена во простор во која има доволна циркулација на воздух.

Корисникот се обврзува да не ја поправа или ракува со опремата на начин кој би довел до нејзино оштетување.

Во случај на штета настаната како резултат на несоодветно чување на опремата, настанатата штета ја надоместува корисникот.

## 9. РОК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ

Времето на инсталацијата на дигиталната изнајмена линија е во согласност со Прилог 2 од овој оваа понуда (кој е идентичен со Прилог 1 од Правилникот за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии) и мора да заврши во рок не подолг од предвидените рокови во Прилог 2 од оваа понуда од денот на склучување на договорот за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии на адресата која што ја има специфицирано корисникот во Барањето.

## 10. ВРЕМЕ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРЕЧКИ

Време на отстранување на пречки е време во кое успешно се отстранети 80% од пречките, мерено во часови од времето на пријавување на пречката до времето на поправка на пречката. Времето на отстранување на пречки се мери од моментот кога Корисникот известил за настаната пречка во обезбедувањето на услугата до моментот кога пречката е отстранета за што Корисникот е известен од страна на Македонски Телеком АД – Скопје.

## 11. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Доколку операторот не изврши приклучување на услугата во предвидените рокови од Прилог 2 од денот на склучување на договорот тој ќе му плати на корисникот договорна казна во висина од еден месечен надоместок за секој ден задоцнување со изведбата на приклучувањето.

Корисник кој поднел приговор за квалитетот на услугата за изнајмени линии, а истиот е поднесени за неисполнување на договорените параметри на квалитет во Договорот, има право на надомест на штета, доколку од страна на Македонски Телеком АД - Скопје или со правосилна пресуда на надлежен суд или одлука на друг надлежен орган на РМ се утврди дека нивото на понудената услуга е пониска од пропишаната, освен доколку понискиот квалитет е предизвикан по основ Виша сила, неисправност на опремата и нејзиното неправилно користење.

Македонски Телеком АД - Скопје ќе донесе одлука по приговорот на Корисникот и истото писмено ќе го извести Корисникот во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот.

Во случај да Корисникот не е задоволен од Одлуката на Македонски Телеком АД - Скопје за барањето за надомест на штета, има право во рок од 15 дена од денот на приемот на писмениот одговор од страна на Македонски Телеком АД - Скопје, да поднесе барање за решавање на спорот до Агенцијата за електронски комуникации.

Доколку Македонски Телеком АД - Скопје не постапи по приговорот на Корисникот во рокот утврден во став 3 од овој член, Корисникот има право да побара заштита на своето право пред

Агенцијата за електронски комуникации во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до Македонски Телеком АД - Скопје. Кога прекинот на услугата за изнајмени линии, за чиј прекин е одговорен Македонски Телеком АД - Скопје, траел подолго од дозволеното време за прекин утврдено во Договорот, Македонски Телеком АД - Скопје ќе го ослободи Корисникот од плаќање на месечна претплата за користење на услугата, за износ пропорционален со времетраењето на прекинот, или ќе плати договорна казна утврдена во Договорот склучен со Корисникот. Ова не се однесува на случаите кога се работи за отстранување на дефекти на терминалната опрема, претплатничката инсталацијата, мрежата и/или продолжување на работите при отстранување на грешки, предизвикани со намера или крајно невнимание на Корисникот.

## 12. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Во случај на спор по одредбите од договорот за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии, Агенцијата за електронски комуникации по барање на една од договорните страни ќе одлучи согласно одредбите од членовите 122 до 133 на Законот за електронски комуникации.

## 13. ВИША СИЛА

Под Виша сила се подразбира настан независен од волјата на договорните страни, чие настапување не можело да се спречи или предвиди и поради кој исполнувањето на обврските по Договорот станало отежнато или невозможно, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: војни, немири, саботажи, атентати со експлозиви, други вонредни ситуации, природна пропаст, поплава, пожар, удар на громови со молња и други природни катастрофи, штрајкови и мерки превземени согласно законот по наредба на државни органи.

## ПРИЛОГ 1: РЕЧНИК НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| DTE | Дигитална терминална опрема (Digital Terminal Equipment) |
| DCE | Дигитална корисничка опрема (Digital Customer Equipment) |
| DLL | Дигитална изнајмена линија (Digital Leased Lines) |
| PC | Персонален комјутер (Personal Computer) |
| xDSL | Дигитална претплатничка линија (Digital Subscriber Line) |
| CO | Централа (Central Office) |
| NTU | Мрежен терминален уред (Network Terminal Unit) |
| ALL | Аналогна Изнајмена Линија (Analog Leased Line) |
| NTP | Мрежна завршна точка (Network Termination Point) |
| PABX | Приватна автоматска телефонска централа (Private Automatic Branch Exchange) |

## ПРИЛОГ 2: РОКОВИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИ ВИДОВИ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

| Капацитет | Рок за изведба |
|---|---|
| Дигитална изнајмена линија 64 Kbit/s | 18 календарски денови |
| Дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s, неструктурирана | 30 календарски денови |
| Дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s, структурирана | 33 календарски денови |

## ПРИЛОГ 3: БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИЗНАЈМЕНА ЛИНИЈА ВО СОСТАВОТ НА МИНИМАЛНИОТ ПАКЕТ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

**Барање за обезбедување на изнајмена линија во составот на Минималниот пакет на изнајмени линии**

Архивски број: [100/1/2008]    Бар код: *0623066600000*

0623066600000

Во евиденција бр. [400000]    Место: [IT]

На ден: [10.03.2008]    Вработен: [Administrator ADMIN]

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на услуга (пакет) | Аналогна изнајмена линија, говорен опсег | | ☐ |
| | Дигитална изнајмена линија 64 Kbit/s | | ☐ |
| | Дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s, неструктурирана | | ☐ |
| | Дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s, структурирана | | ☐ |
| Период на користење | неопределено | | ☐ |
| | 1 (една) година | | ☐ |
| | 2 (две) години | | ☐ |
| | 3 (три) години | | ☐ |
| Основни податоци за корисникот | Назив | [Име] | |
| | ЕДБ МК | [број] | |
| | Жиро с-ка. | [број] | |
| | Депонент банка | | |
| Адреса на која ќе пристигнува сметката | Улица | [Име] | |
| | Број | [број] | |
| | Место | [Име] | |
| | Општина | [Име] | |

| Адреса на инсталација | | Точка А | Точка Б |
|---|---|---|---|
| | Улица | [Име] | [Име] |
| | Број | [број] | [број] |
| | Место | [Име] | [Име] |
| | Општина | [Име] | [Име] |

| | |
|---|---|
| Лице за контакт | [Име] |
| Адреса за контакт | [Име] |
| Контакт телефон | [Име] |
| Факс | |
| E-mail адреса* | [Адреса] |
| Забелешка | [Текст] |

Потпис на барателот    За Операторот

_____
___________
________________

## ЦЕНИ И ПОПУСТИ

### Аналогна изнајмена линија, говорен опсег со нормален квалитет

| Надомест | Цена |
|---|---|
| Еднократен надомест за растојанија до 250м од местото на дистрибуција | 5.030, 00 ден |
| Еднократен надомест за растојанија над 250м од местото на дистрибуција | 5.030,00 ден+ стварни трошоци за делот над 250 м |
| | |
| Месечна претплата за двожична NF изнајмена линија (по започнат километар) | 400,00 ден. + 250ден./км |
| Месечна претплата за четворожична NF изнајмена линија ( по започнат километар) | 400,00 ден. + 500ден./км |
| Месечна претплата во меѓумесна мрежа | 16.800,00 ден. |

Должината на водот е реалната должина на каблите низ кои истиот се простира со заокружување на првиот започнат километар.

Цените се оформени за договор на неопределено време.

### Дигитална изнајмена линија 64 Kbit/s

| Тарифа | Цена |
|---|---|
| Еднократен надомест во месна мрежа | 22.985,00 ден. |
| Месечна претплата во месна мрежа | 8.554,00 ден. |
| | |
| Еднократен надомест во меѓумесна мрежа | 22.985,00 ден. |
| Месечна претплата во меѓумесна мрежа | 8.554,00 ден + 139,00 ден/км |

### Дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s, неструктурирана

| Тарифа | Цена |
|---|---|
| Еднократен надомест во месна мрежа | 155.400,00 ден. |
| Месечна претплата во месна мрежа | 62.160,00 ден. |
| | |
| Еднократен надомест во меѓумесна мрежа | 155.400,00 ден. |
| Месечна претплата во меѓумесна мрежа | 62.160,00 ден. + 1.400,00 ден/км |

### Дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s, структурирана

| Тарифа | Цена |
|---|---|
| Еднократен надомест во месна мрежа | 155.400,00 ден. |
| Месечна претплата во месна мрежа | 62.160,00 ден. |
| | |
| Еднократен надомест во меѓумесна мрежа | 155.400,00 ден. |
| Месечна претплата во меѓумесна мрежа | 62.160,00 ден. + 1.400,00 ден/км |

### Надоместоци за преселување на корисничките локации

Во случај на преместување на некоја од пристапните точки на друга позиција на постоечките локации или на локации различни од постоечките локации на корисникот ќе му се наплати еднократен надомест за преселување:

| Тарифа | Цена |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Еднократен надомест за преселување по пристапна точка | 10.000,00 ден. |

Утврдување на цени за поединечен случај ќе се применува доколку трошокот за преселување на услугата го надмине еднократниот надомест за преселување.

Попусти

| Траење на договор | Попуст на приклучна такса | Попуст на месечна претплата |
|---|---|---|
| За договор на неодредено време | - | +30% |
| За договор на 1 година | - | - |
| За договор на 2 години | - | -5% |
| За договор на 3 години | 100% | -10% |

Цените се оформени за договор со траење на една година. Договорот може да е на неопределено време или на однапред утврдено времетраење на Договорот во согласност со Корисникот.

До 20 км во рамките на една месна мрежа воздушна оддалеченост на двете крајни точки на дигиталната изнајмена линија, тарифирањето е согласно цените на дигитални линии во месна мрежа.

Над 20 км воздушна оддалеченост на двете крајни точки на дигиталната изнајмена линија тарифирањето е согласно цените на дигитални линии во меѓумесна мрежа.

Информации за корисникот

Потребни документи за склучување Договор за за обезбедување на изнајмена линија во составо Минималниот пакет на изнајмени линии
Деловни корисници:
1) Решение за упис издадено од Централен Регистар на РМ, не постаро од 30 дена.
2) Потписен картон за жиро сметка од банка.

## ПРИЛОГ 4: ДОГОВОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИЗНАЈМЕНА ЛИНИЈА ОД МИНИМАЛНИОТ ПАКЕТ НА ИЗНАЈМЕНИ ЛИНИИ

### Договор за обезбедување изнајмена линија од минималниот пакет на изнајмени линии

Договор бр. [400000] Датум: [број]
Прилог бр. Датум:

Склучен помеѓу:

Основни податоци за корисникот
Име и презиме/Назив [Име]
Бр. л.к./Жиро сметка [број]
ЕМБР/ЕДБ МК [број]
Депонент банка [Име]
Адреса
Место

Адреса на која ќе пристигнува сметката:

Адреса за контакт:

Лице за контакт:
Телефон:
Факс:
*PIN код на прилогот

* PIN кодот на прилогот служи за автентикација на корисникот при негова коресподенција со МКТ

Адреса на инсталирање на пристапот и брзина:

| р.бр. | Адреса | Брзина |
|---|---|---|
| **1.** | | **X kbps** |

Времетраење на договорот: Хх години

Цена на услугата

| | | Колич. | Един.цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Изнајмена линија<br>**Приклучна такса:** | 1 | **МКД** | **МКД** |
| * | **Попуст на приклучна такса X %** | | | |
| | Вкупно приклучна такса: | | | **0,00 МКД.** |

*попустот на приклучна такса важи за договор склучен на определено време

| | | Колич. | Един.цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Изнајмена линија | | **МКД** | **МКД** |
| | **Месечна претплата** | | | |
| * | **Попуст на месечната претплата X %** | | | **МКД.** |
| | Вкупно месечна претплата со попуст: | | | **МКД** |

* Сите цени се без ДДВ
** Попустот на месечната претплата важи за договор склучен на определено време

**Опис на услугата аналогна изнајмена линија, говорен опсег со нормален квалитет**

Оваа услуга на корисникот му овозможува:
Пренос на сигнали со дефинирани преносни карактеристики помеѓу две мрежни завршни точки (NTP) и не вклучува никакви комутирачки функции кои може да бидат контролирани од страна на корисникот.
Аналогната изнајмена линија со нормален квалитет обезбедува поврзување на две физички оддалечени локации на кои корисникот има инсталирано своја опрема и овозможува пренос на говорни сигнали во опсег од 300 до 3400 Hz помеѓу истите.

**Опис на услугата 64 kbit/s**

Оваа услуга на корисникот му овозможува:
Симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два терминални уреди DTE со користење на DCE уреди поставени на страна на корисникот.

Потребна опрема:
DCE уредот е xDSL модем кој го обезбедува Македонски Телеком АД – Скопје и кој преку една или барем две бакарни парици се поврзува со CO опремата на Македонски Телеком АД – Скопје, а преку DCE интерфејс се поврзува со дигиталниот терминален уред на корисникот (DTE).
Дигиталниот терминален уред DTE е комуникациски уред кој Корисникот го поврзува со DCE опремата обезбедена од давателот на DLL услугата (најчесто DTE уредот е рутер, PC опремен со соодветен адаптер, или специјална терминална опрема).

**Опис на услугата 2 Mbit/s неструктурирана**

Оваа услуга на корисникот му овозможува:
Симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два комуникациски уреди со користење на NTU уреди поставени на страна на корисникот со брзина од 2 Mbit/s. Типична примена: за дигитален пренос на податоци меѓу две точки.

Потребна опрема
NTU го обезбедува давателот на услугата (МКТ) и тој не ја препознава внатрешната структура на корисничкиот сообраќај. Корисничкиот сообраќај се третира како 1x2Mbit/s дигитален проток-еден канал.
Корисничките уреди се најчесто рутери со Е1 интерфејс.

**Опис на услугата 2 Mbit/s структурирана**

Оваа услуга на корисникот му овозможува:
Симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два комуникациски уреди со користење на NTU уреди поставени на страна на корисникот со брзина од 2 Mbit/s. Типична примена: пренос на говорни канали, пренос на N x 64Kbit/s, или комбиниран пренос на говор и податоци преку различни 64Kbit/s канали во рамките на Е1 структурата помеѓу две точки.

Потребна опрема
NTU го обезбедува давателот на услугата (МКТ) и и тој ја распознава внатрешната структура на корисничкиот сообраќај. Корисничкиот сообраќај мора да е во облик на 32 канали по 64 Kbit/s од кои два се резервирани за сигнализација и контрола. Корисничкиот сообраќај мора да е структуриран по G.704 стандардот.
Корисничките уреди се најчесто рутери, PABX, или PDH мултиплексери.

**Обврски на корисникот**

Корисникот е должен да ги обезбеди во целост експлоатационите услови за користење на корисничката опремата која ја инсталира МКТ, како што се:

- Максимален дозволен опсег на варирање на мрежниот напон од 187 V до 242 V;
- Приклучок на заземјување со отпорност помала од 0,5Ω.
- Приклучок на напојување со напони:
  - фаза-нула = 220 V
  - фаза-заземјување = 220 V
  - нула – заземјување = 0 V
- Работна температура (+5 - +45C°)и релативна влажност (5 – 85%);

Корисникот е должен совесно и со внимание на добар домаќин да ја чува опремата и истата треба да биде сместена во простор во која има доволна циркулација на воздух.
Корисникот се обврзува да не ја поправа или ракува со опремата на начин кој би довел до

нејзино оштетување.
Во случај на штета настаната како резултат на несоодветно чување на опремата, настанатата штета ја надоместува корисникот.

**Класификација на параметри (Договорен Степен на Услуга)**

Гарантираниот квалитет на услугата се однесува до мрежната приклучна точка на Македонски Телеком АД - Скопје и не ја вклучува внатрешната претплатничка инсталација за која Македонски Телеком АД - Скопје не е одговорен.

Македонски Телеком АД – Скопје гарантира годишна достапност на услугата од 98%, или обезбедувањето на услугата може да биде прекинато вкупно најмногу 7,3 дена во времетраење на една година.

Периодот на недостапност на услугата се мери од моментот кога корисникот ќе достави пријава за прекин до Македонски Телеком АД - Скопје преку телефонскиот број 080012345, до моментот кога прекинот е отстранет од страна на Македонски Телеком АД - Скопје, за што Корисникот е информиран соодветно.

Во случај на рекламација на Корисникот за недостапност на услугата во период подолг од гарантираниот во вториот став од оваа точка Македонски Телеком АД - Скопје се обврзува да изврши намалување на месечниот надомест/месечните надомести за користење на услугата во првите месеци од наредната година. Износот ќе биде пропорционален со времето на прекин на услугата, над дозволениот праг дефиниран во вториот став..

Доколку достапноста на месечно ниво на услугата е под гарантираното ниво дефинирано во вториот став од оваа точка, во два последователни месеци или во четири месеци во текот на една година корисникот може да го раскине овој договорот без отказен рок и без било какви обврски кон Македонски Телеком АД - Скопје.

Времетраење на услугата е xx години сметано од моментот на влегување во сила на овој Договор

Недостапност на услугата нема да се смета во следниве услови:

- недостапност или испад предизвикан од пречки во внатрешната претплатничка инсталација на Корисникот, проблеми во напојната мрежа, апликации или системи во сопственост или користење на Корисникот
- испад на опремата во сопственост на Македонски Телеком АД - Скопје која се наоѓа во просториите на Корисникот, а кој испад настанал поради неправилно користење на опремата од страна на Корисникот или од лица на кој тоа тој им го овозможил.
- планиран и претходно најавен прекин на услугата од страна на Македонски Телеком АД - Скопје, согласно позитивните правни прописи.

**Услови за предвремено раскинување на договор**

Доколку Корисникот предвремено го раскине Договорот или доколку Договорот биде раскинат по вина на корисникот пред истекот на периодот за кој е склучен, Корисникот се обврзува да ја плати разликата помеѓу редовната цена на приклучната такса дефинирана во точката Цена на услугата став 1 со ДДВ и повластената цена на приклучната такса дефинирана во точката Цена на услугата став 1 со ДДВ како и да ја плати разликата помеѓу редовната цена на месечната претплата дефинирана во точката Цена на услугата став 2 со ДДВ и повластената цена на месечната претплата дефинирана во точката Цена на услугата став 2 со ДДВ за цело време на користење на услугата, сето тоа зголемена за висината на законската затезна камата.

**Договорна казна**

Во случај кога постојат слободни ресурси во мрежата кои можат да се употребат за бараното поврзување и терминалната опрема е на располагање, доколку Македонски Телеком АД - Скопје не изврши приклучување на услугата согласно роковите дефинирани во Прилог 2 од денот на склучување на договорот тој ќе му плати на Корисникот договорна казна во висина од еден месечен надоместок за секој ден задоцнување со изведбата на приклучувањето.

**Продолжување на времетраењето**

Доколку ниту една од двете договорни страни, во рок не пократок од 15 дена пред истекот на перидот на важноста на овојДоговор, не достави писмено известување до другата договорна страна дека го раскинува овојДоговор, се смета дека користење на услугата се овозможува на дополнителен временски период од една година, по цена и услови кои што важат во моментот на неговото продолжување.

## Решавање на спорови

Во случај на спор по одредбите од овој Договор, Агенцијата за електронски комуникации по барање на една од договорните страни ќе одлучи согласно одредбите од членовите 122 до 133 на Законот за електронски комуникации.

## Наплата по судски пат

Во случај на непостапување согласно одредбите на овој Договор, Македонски Телеком АД го задржува правото да изврши наплата на паричните побарувања по судски пат.

## Доверливост

Двете договорни страни прифаќаат и се согласуваат во секое време да ги третираат услугите, податоците и документацијата поврзани со овој договор како „доверливи, освен ако и/или е веќе јавно познат и/или не е поинаку наведено со одобрување од другата договорна страна и дека нема да му ги открие таквите информации на ниту едно друго лице, освен кога е побаран од примателот на податоци од страна на овластен државен орган или од надлежен суд, со легитимна наредба врз основа на Законот. За ваквото барање примателот на податоци веднаш ќе го извести давателот на податоци.

## Виша сила

Ниту една Страна нема да биде одговорна за исполнување на својата обврска од овој Договор во случаи кога појавата на непредвидливи околности кои се надвор од доменот на интерес на двете Страни го спречуваат исполнувањето на овој Договор. Под такви услови особено се подразбираат: војни, немири, саботажи, атентати со експлозиви, други вонредни ситуации, природна пропаст, поплава, пожар, удар на громови со молња и други природни катастрофи, штрајкови и мерки превземени согласно законот по наредба на државни органи. Договорната страна чие извршување на обврските е нарушено поради околноста на Виша сила, треба да ги користи сите разумни напори, штом ќе биде во можност да го направи тоа, за избегнување или надминување на последиците кои влијаат на извршувањето на обврските и постојано ќе ја информира другата договорна страна за настанатата ситуација.

## Завршни одредби

За се што не е предвидено со овој Договор важат одредбите од Референтната понуда за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии, Законот за електонски комуникации, Правилникот за обезбедување на минимален пакет на изнајмени линии и Законот за Облигационите односи.

Овој Договор е составен во 3 (три) истоветни примероци од кои 1 (еден) за Корисникот и два за Македонски Телеком АД – Скопје, и истиот влегува во сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Корисник Македонски Телеком АД - Скопје